**Елаборат: Голем Петок, Варош, Прилеп**

**Категорија:** Нематеријално значајно културно наследство

**Статус:** Не е донесено Решение

**Година на изработка:** 2011

**Главен истражувач:** д-р Ели Луческа

**Опис на културното добро:** Во градот Прилеп, во најстарата населба Варош, локалните жители како заедничка слава го слават денот на чевствувањето на Св. Богородица Балаклија - Источен петок, првиот петок по Воскресението Христово, односн, како што самите го нарекуваат „Голем Петок“. Празнувањето на славата започнува во манастирот Св. Архангел Михаил, вечерта спроти празникот, кога речиси сите Варошани, но и поголем број на Прилепчани, присуствуваат на свечената литургија, а потоа се почестуваат со обредната трпеза. На самиот ден на празнувањето повторно се служи свечена литургија во црквата и во дворот на манастирот. Притоа во текот на целиот ден во манастирот доаѓаат многубројни посетители за да запалат свеќа и за да се измијат со богородичината вода - изворот на животот. Под полите на манастирот се организира голем панаѓур. Во секое домаќинство во Варош има поставено богата трпеза, која освен од разните видови на солени и слатки јадења, се состои и од задолжителното обредно јадење т.н. „лута јавнија“. Овој вид на јавнија се јавува како традиционален варошки специјалитет и не се приготвува во другите населени места за вакви празнични пригоди. Целиот празник е исполнет со празнична веселба и тоа не само на падината под манастирот, туку и во варошките дворови каде што „ечат“ тапаните и зурлите. Славењето трае до доцна вечерта, пошто се разидуваат гостите и посетителите.